# **press to exit** project space

## **"компулсивни_ракотворби"**
## **кураторски проект на Себастиан Цихоцки**

Изложбата **"компулсивни_ракотворби"** опфаќа дела од различни генерации на полски концептуални уметници вклучувајќи го и истакнатиот автор Артур Жмијевски, овогодишен претставник на Полска на Венецијанското биенале, кој македонската публика ќе има можност да го запознае преку избор на негови филмски остварувања работени во соработка со Павел Алтхамер.

**"компулсивни_ракотворби"** е колекција на интимни приказни за повторени движења и активности, начини на однесување и механичка изработка на објекти, документирани движења и истрајност во процесот. Изложбата е поставена како своевиден експеримент на просторно совпаѓање помеѓу уметноста, привремени архитектонски решенија и квази-психијатрија, на еден начин лабораторија на несвесни однесувања.

Филмот на **Игор Кренц** (1959), "Нешта" е поводот за создавањето на оваа изложба. Делото на Кренц е базирано на една едноставна идеја – човек кој се обидува да закачи неколку објекти-слики на зидот, но една по една тие продолжуваат да паѓаат. Оваа тривијална сцена прераснува во трагична фарса. Упорноста на уметникот и трпеливоста на публиката се ставени на вистински тест.

Уметноста на **Маржена Новак** (1977) за појдовна провокација го има процесот на репетиција. Нејзините најпознати слики произлегуваат од дизајнот на кројачките мустри - користејќи молив и карбон хартија, таа внимателно ги прецртува формите врз сликарското платно. Во филмот "Око", Новак отстранува контакт-леќа со помош на чингел игла заменувајќи го видот со чувството за допир.

Медитација, лебдење над површината на земјата е темата на новите цртежи на **Хјуберт Черепок** (1973). Луѓето лебдат во своите домови. Авторот ќе каже дека "лебдеењето може да биде разбрано како анархирање на секојдневието", додавајќи "размилсувам како би можеле да постигнеме состојба на "нереалност" ослободувајќи се од стегите на секојдневието."

**Јадвига Савицка** (1959) е уметничка која ја препознаваме во делата каде што повторени зборови се насликани или одпечатени на хартија во месо-боја. На зборовите им недостасуваат диакритични

PRO HELVETIA
Schweizer Kulturstiftung
DEZA DDC DSC SDC COSUDE

**SWISS CULTURAL PROGRAMME MACEDONIA**
c/o Embassy of Switzerland, Maksim Gorki 19, MK-1000 Skopje
tel + 389 2 290318, fax + 389 2 290319, presstoexit@on.net.mk

белези и кога се групирани во чудни групации можат да бидат прочитани на различни начини. Бесконечно повторувани, погрешно напишани, дури и секојдневните обични зборови го губат своето значење кое почнува да се распаѓа и мутира.

**Артур Жмијевски** (1966) е уметник фокусиран на телесните и ментални недостатоци. Во неговиот филм “Rendes vous” тој му ја доделува главната улога на Војтек Кроликевич, актер кој боледува од Хантингтонова болест. Филмот ги следи секојдневните тешкотии на човек заболен од оваа болест за кого и најобичните активности претставуваат сериозен предизвик. Телото постојано губи контрола и Кроликевич се измачува од премногу движење, грчење и проблеми со дишењето.

“Презентација” на **Ана Остоја** (1978) е анимација во која фотографии и цртежи во боја заднички илустрираат различни начини на извршување самоубиство. Како што некои боенки даваат одредени инструкции за довршување на сликата, и во оваа анимирана игра една девојка нé соочува со илистрирање на оваа табу тема.

“Шумичка” – филм на **Ана Ниестерович** (1974) може да се разбере како најрадикален запис на опсесивно-компулсивна неуроза. Жена соблекува долна облека но очекуваната поента недостасува. Филмот се надоврзува на размислувањето на Сигмунд Фројд кој овој синдром го има објаснето како регресивно враќање кон првите стадиуми на развој.

**Јулија Војцик** (1971) криумчари секојдневни домашни обврски како лупење компири, или пак отпарување на џемпер, перење на прекривки, развивање на градинрски култури, во уметнички институции. Од неодамна Војцик интензивно се занимава со шиење, плетење и везење како секојдневни и самонаречени уметнички активности.

Кураторот **Себастиан Цихоцки** (1975) има реализирано бројни презентации и изложби во соработка со 1-вото Московско биенале, Stedelijk Музејот во Амстердам, Институтот за уметност во Чикаго, а во моментов соработува со Foksal Gallery Foundation од Варшава на подготовка на проектот за полскиот павилјон за Венецијанското биенале. Тој ќе престојува во Скопје до 24-ти март и во рамки на неговиот престој ќе одржи четири презентации на 17, 18, 19 и 22. март, сите со почеток во 20:00 часот.